Врз основа на член 37 став 1 алинеја 5 од Законот за судовите, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 28.12.2021 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# на Врховниот суд на Република Северна Македонија
# за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година

Согласно член 92 став 2 од Законот за судовите и член 51 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија Седницата на судии ја утврдува програмата за работа на Судот по предлог на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија својата уставна и законска надлежност како највисок суд во Републиката ја остварува согласно Уставот, законите, Меѓународните договори ратификувани во согласност со Закон, Судскиот деловник и другите подзаконски акти.

Со Програмата за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година се дефинираат работите и работните задачи од делокругот на работењето на Судот во процесот на право раздавање со цел да се обезбеди:

- непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките;
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи;
- обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по било кој основ;
- навремено и квалитетно решавање на предметите во надлежност на Судот;
- обезбедување правна сигурност преку воедначување на судската пракса врз основа на владеењето на правото;
- остварување на принципите за судење во разумен рок и обезбедување услови за побрз пристап до правдата;
- транспарентност и јавност во работењето на Судот, со цел да се обезбеди навремена информираност на странките и јавноста за одлуките на Судот;

- доследно спроведување на материјалните и процесните закони и нивните подзаконски акти, Законот за судовите, Законот за судска служба, Судскиот

деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија;
- усогласување на судската практика и обезбедување на еднаквост во примената на законите од страна на судовите;
- почитување и постапување по конечните и извршните одлуки на Европскиот суд за човекови права и другите Меѓународни договори ратификувани во согласност со Закон;

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судиите и вработените во Судот се должни да обезбедат реализација на утврдената Програма за означениот период.

## Програмски задачи

## Судска управа

Претседателот на Судот ќе ги врши работите од делокругот од судската управа, ќе ја организира работата, раководи и управува со Судот.

Претседателот на Судот ќе го претставува Судот и ќе презема мерки за навремено и уредно вршење на работите, ќе ја обезбедува примената на Судскиот деловник, ќе го утврдува Распоредот за работа во Судот, ќе постапува по претставките и поплаките на странките и другите органи, по барањата за приоритетно решавање на предметите, по барањата за изземање поднесени од судиите и странките и ќе презема други дејствија за кој е надлежен согласно Закон, Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

За обезбедување на навремено, ефикасно и уредно вршење на работите од судската управа, Претседателот на Судот може да ги довери работните задачи на неговиот заменик или друг судија, судија претседател на Оддел, на судскиот администратор или друг судски службеник, а по потреба ќе организира и сопствен тим за работа во кабинетот.

Во случај на спреченост или отсуство Претседателот на Судот ќе го заменува заменикот на претседателот на Судот.

Судскиот администратор ќе раководи со судската служба, ќе биде одговорен за реализирање и вршење на стручните и административно техничките работи во Судот, ќе соработува и ќе му помага на Претседателот на Судот во вршење на работите од судската управа, ќе го следи извршувањето на работите на вработените во судската служба, спроведувањето на Судскиот деловник од страна на вработените во Судот, освен за судската полиција.

Претседателот на Судот редовно ја свикува Седница на судии заради разгледување на реализирањето на програмата за работа на Судот и разгледување, анализа и преземање на мерки по извештаите за работата на Судот, усогласувањето на работата на Одделите, давање мислења од надлежност на Седницата на судии и за други прашања од работата на Судот.

## Организација на работа

Својата уставна и законска надлежност за воедначување на судската практика и обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите, Врховниот суд на Република Северна Македонија ја врши преку утврдување начелни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци донесени на:

- Општа седница,
- Седница на судии и
- Седница на оддел.

Согласно член 66 став 1 и 2 од Судскиот деловник, во реализацијата на стварната надлежност на Врховниот суд на Република Северна Македонија, според видот на предметите и обемот на работа, Судот ќе ја извршува во рамките на:

- Оддел за казниви дела,
- Оддел за граѓански дела,
- Оддел за судење во разумен рок и
- Специјализирани совети.

## Работа по предмети

Основна цел при постапување по предметите е да се обезбеди професионално, стручно, непристрасно, навремено и законито постапување по предметите со почитување на законските рокови и роковите за судењето во разумен рок согласно одредбите од Судскиот деловник и Законот за управување со движење на предметите во судовите, во секоја фаза од постапката. Заведувањето, распределбата, постапувањето, одлучувањето, објавувањето, изготвување на одлуките, доставување на одлуките, анонимизација на одлуките на ВЕБ страната на Судот ќе се врши целосна и исклучива примена на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС).

Заведувањето на предметите ќе се врши според времето на приемот, а распределбата на предметите по судии ќе се врши со автоматска распределба во АКМИС. Автоматска прераспределба на предмети ќе се врши само во ситуации предвидени со Судскиот деловник и согласно Годишниот распоред за работа на Судот, но и во тие случаи прераспределбата на предмети ќе се врши исклучиво со образложена одлука од страна на Претседателот на Судот преку соодветен модул во АКМИС, со цел да се обезбеди заштита на начелото на автоматска распределба и вклучување на човечки фактор при доделување на предметите во работа на судиите.

Судиите се должни да дадат приоритет во решавање на предметите кои со Закон е определено дека се итни и по кои е даден приоритет од страна на Претседателот на Судот.

## Оддел за казниви дела

Во Оддел за казниви дела ќе постапуваат 5 (пет) судии.

Во овој Оддел судиите постапуваат во:

- совети од петмина судии и совети од тројца судии по сите видови предмети (ВКЖ1 – 5, ВКЖ2 – 5, КВП.КОК1.КВП – 3, КВП.КОК2.КВП - 5, КВП1 – 3, КВП2 – 5, ВУК - 3-5, КЗЗ – 5, КР – 3).
- совет од петмина судии формиран по Законот за правда за децата (КПД),
- судија поединец и совет од тројца судии по Законот за следење на комуникации.

Претседателот на Одделот, Претседателот на советите, судиите членови на советот и нивните заменици се распоредуваат со Годишниот распоред за работа.

Во текот на годината може да се изврши измена на Годишниот распоред за работа со образложена одлука на Претседателот на Судот од оправдани причини и поради зголемен обем на работа.

За состојбата во Одделот Претседателот на Одделот редовно ќе го известува Претседателот на Судот, особено за предметите за кои постапката трае подолго и го надминува разумниот рок за постапување.

При решавањето на кривичните предмети каде што е констатирано застареност на кривично гонење потребно е да се забележат причините за истото, заради изготвување на извештаи со тој податок.

При решавањето на сите кривични предмети да се забележуваат работите во врска со правни прашања заради донесување правни мислења, заклучоци, изготвување сентенци и истите се објавуваат на ВЕБ страната на Судот.

Претседателот на Одделот правните мислења и заклучоци на Одделот ги доставува до Одделот за судска практика, како и предлог со изготвен материјал до Општа седница за усвојување начелни ставови и начелни правни мислења.

## Оддел за граѓански дела

Во Одделот за граѓански дела ќе постапуваат 10 (десет) судии и Претседателот на Судот.

Во овој Оддел судиите постапуваат во совети од петмина судии и совети од тројца судии по сите видови предмети заведени во уписници: Рев1, Рев2, Рев3 и Р.

Претседателот на Одделот, Претседателот на советите, судиите членови на советот и нивните заменици се распоредуваат со Годишниот распоред за работа.

Во текот на годината може да се изврши измена на Годишниот распоред за работа со образложена одлука на Претседателот на Судот од оправдани причини и поради зголемен обем на работа.

При решавањето на сите граѓански предмети да се забележуваат работите во врска со правни прашања заради донесување правни мислења, заклучоци, изготвување сентенци и истите се објавуваат на ВЕБ страната на Судот.

Претседателот на Одделот правните мислења и заклучоци на Одделот ги доставува до Одделот за судска практика, како и предлог со изготвен материјал до Општа седница за усвојување начелни ставови и начелни правни мислења.

## Оддел за судење во разумен рок

Во Одделот за судење во разумен рок ќе постапуваат 11 (единаесет) судии.

Во овој Оддел во прв степен - по барањата на странките за судење во разумен рок, судиите ќе постапуваат во совети од по тројца судии по сите видови предмети заведени во уписници: ПСРРК, ПСРРГ и ПСРРУ.

Во овој Оддел во втор степен по жалби судиите ќе постапуваат во совет од петмина судии по предметите заведени во ПСРРЖ.

Претседателот на Одделот, Претседателот на советите, судиите членови на советот и нивните заменици се распоредуваат со Годишниот распоред за работа.

Во текот на годината може да се изврши измена на Годишниот распоред за работа со образложена одлука на Претседателот на Судот од оправдани причини и поради зголемен обем на работа.

За состојбата во Одделот Претседателот на Одделот редовно ќе го известува Претседателот на Судот, особено за предметите за кои постапката трае подолго и го надминува разумниот рок за постапување.

При решавањето на предмети да се забележуваат работите во врска со правни прашања заради донесување правни мислења, заклучоци, изготвување сентенци и истите се објавуваат на ВЕБ страната на Судот.

Претседателот на Одделот правните мислења и заклучоци на Одделот ги доставува до Одделот за судска практика, како и предлог со изготвен материјал до Општа седница за усвојување начелни ставови и начелни правни мислења.

## Оддел за судска практика

Во Одделот за судска практика со Годишниот распоред за работа ќе бидат распоредени Претседателите на Одделите и судските советници кои ги извршуваат работните задачи на секретарите на Одделите.

Одделот за судска практика ја усогласува работата на Одделите и Општата седница во извршување на задачите кои се однесуваат на евиденција и проучување на судската практика согласно член 72 од Судскиот деловник.

Со оглед на значењето на воедначувањето на судската пракса како една од најзначајните функции на Врховниот суд на Република Северна Македонија неопходно

е јакнење на овој Оддел, како со човечки така и со информатички ресурси, што би овозможило полесна селекција, категоризација и систематизација на одлуките на Судот, а базата би била подостапна за пребарување од страна на корисниците.

## Специјализирани совети

Во специјализираните совети за одлучување по жалби против одлуки на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие (УСПИЖ) ќе постапуваат 6 (шест) судии во совети од по тројца судии.

Согласно член 42 став 5 од Законот за судскиот совет, ќе постапува совет од петмина судии кој ќе одлучува по жалба на кандидат кој не е избран за судија, односно Претседател на суд, заведени во УССЖИ.

Претседателот на советот, судиите членови на советот и нивните заменици се распоредуваат со Годишниот распоред за работа.

Во текот на годината може да се изврши измена на Годишниот распоред за работа со образложена одлука на Претседателот на Судот од оправдани причини и поради зголемен обем на работа.

## Човечки ресурси

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено дека во Врховниот суд на Република Северна Македонија судиската функција ќе ја извршуваат 28 судии. До крајот на 2021 година во Судот судиската функција ја извршуваат 17 судии и Претседателот на Судот.

Имајќи го предвид бројот на судиите и големиот број на непополнети судиски места од една страна, а од друга страна видот и обемот на предмети, како и уставната и законската надлежност на Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд во државата, реално може да се очекува дека судиите ќе се соочат со отежнато извршување на судиската функција во поглед на ефикасност и избегнување застој во движењето на предметите, доколку во текот на годината не се пополнат судиските места, како и испразнетите места на судските службеници.

## Транспарентност и односи со јавност

Врховниот суд на Република Северна Македонија особено се залага за навремено известување на јавноста за судските постапки за кои е евидентен јавниот интерес и присуството на медиумите. Само со отвореност, транспарентност и навремено давање на точни и релевантни информации за Судот во Одделни постапки може да се заштити и зачува угледот на Судот и да се зголеми довербата на јавноста кон Судот. Од друга страна, правилното и навремено информирање на јавноста ќе

спречи објавување на неточни информации од страна на медиумите, што може да има штетно влијание како за Судот, така и за странките и нивниот интерес.

За обезбедување на оваа програмска задача во Судот редовно ќе се објавуваат известувања и соопштенија на ВЕБ страната на Судот, а преку Канцеларијата за односи со јавност ќе се овозможи пристап на заинтересираните лица за актуелните информации и постапки кои се водат во Судот во согласност со одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

На ВЕБ страната на Судот редовно ќе се објавува дневниот ред од работата на Општата седница, усвоените начелни ставови и начелни правни мислења, заклучоци и сите други информации поврзани со работата на Општата седница, како и дневен ред, правни мислења и заклучоци од Седниците на Одделите.

Во Судот ќе се определи службено лице за посредување со информации од јавен карактер, кое ќе постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Донесените одлуки ќе се анонимизираат согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите и истите ќе се објавуваат на ВЕБ страницата на Судот, со што се овозможува пристап на јавноста до работата на Судот.

## Финансиско работење

Во рамките на одобрениот буџет од страна на Судскиот буџетски совет за тековната година, ќе се обезбеди навремено спроведување на постапките за јавни набавки во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, а преку менаџирање со финасиските средства ќе се настојува навремено да се исплаќаат обврските во тековната година.

## Програмски цели

За успешно спроведување на оваа програма неопходна е проактивност и ангажираност на судиите и сите вработени во Судот, со цел да се постигнат утврдените програмски цели и поставените задачи.

Недостаток на активен судиски кадар од предвидените 28 судии со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција со само 17 судии создава голем притисок врз ефикасноста и квалитетот на функционирањето на институцијата.

Од тие причини, основана програмска определба е фокус на комплетирањето на целосниот број на судии, но секако и зголемувањето на бројот на судските службеници преку обезбедување финансиски средства за пополнувањето на работните места кај судските службеници со чии недостиг постојано се соочува Судот, особено кај стручниот кадар кој е моторната сила на институцијата.

Зголемена буџетска ставка за унапредување на компјутерскиот систем, водејќи од премисата дека соодветна инвестиција во автоматизација на работата директно резултира со бенефит за самиот човечки кадар.

Согласно член 8 од Судскиот деловник, една од основните надлежности на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија е да формира Работно тело за стандардизација на постапките во судовите чија основна надлежност деловникот широко ја дефинира како употреба и унапредување на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, како и да ја следи неговата работа преку тромесечните извештаи кои Работното тело ги доставува до Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ваквото работно тело е веќе во постојано заседание во Врховниот суд на Република Северна Македонија, бидејќи истото покажува инертност при состанување и работа, што може да се препише на преоптовареноста на членовите со други задачи, но и лоша координација со пониските судови кои го кочат текот на информации за вистинските проблеми и потешкотии во компјутерскиот систем и управувањето со предметите. Неопходно е зајакнување и заживување на работата на ова тело кое има значителен потенцијал за зголемување на ефикасноста во управувањето со судските предмети.

Имајќи ја во предвид Пандемијата предизвикана од корона вирусот неопходно е во фокусот на програмските цели да се обезбеди развивање на електронски алатки за советување, состанување и одлучување од далечина, со што ќе се овозможи непречена работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија во време на вонредни услови, како и заштита на здравјето и безбедноста на луѓето.

Една од основните програмски цели е и зајакнување на позицијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во комуникацијата со Судскиот совет на Република Северна Македонија и Министерството за правда, што ќе се постигне со продлабочување на соработката со Судскиот совет на Република Северна Македонија преку транспарентни разговори за моменталната состојба во судовите, реалните проблеми во извршувањето на судиската функција и предлози за надминување на овие проблеми.

Програмата за работа на Судот за 2022 година влегува во сила веднаш, а ќе се применува од нејзиното донесување од страна на Општата седница.

Програмата за работа на Судот во текот на годината може да се изменува и надополнува согласно настанати промени и околности.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KRYETARJA E GJYKATËS SUPREME TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Besa Ademi**